# Извадок на дел од дневни настани 05.07.2019

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија – до Основното јавно обвинителство Скопје поднесе кривична пријава против В.Ц.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.07.2019 година на бул. „Климент Охридски" во Скопје полициски службеници запреле патничко возило кое го управувал С.Т.(28), а како сопатници биле Х.Ш.(20), В.Ц.(20) и Ј.Б.(17). Во тој момент пријавениот В.Ц. ја отворил вратата и на земја фрлил амфетамин. Лицата биле лишени од слобода и приведени во Полициската станица Центар. На 04.07.2019 година, врз основа на наредба

од судија на претходна постапка, бил извршен претрес во простории каде престојувал В.Ц. на ул.„Орце Николов". При претресот биле пронајдени таблети метилен-диоксиметамфетамин(МДМА) и една дигитална вага со остатоци од марихуана.

На 04.07.2019 година во 14.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при пасошка контрола било констатирано дека лицето Ј.М.(32) од Република Србија се наоѓал на листата со мерка „Апси" по барање на Интерпол – Швајцарија. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 05.07.2019 година во 02.50 часот на Граничниот премин „Деве Баир", при контрола на лицето И.Б.Т.(48) од Република Бугарија и товарно возило „Ман" со бугарски национални ознаки, кое тој го управувал, било констатирано дека меѓународната зелена карта за осигурување е фалсификувана. Лицето било приведено и предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 04.07.2019 година во периодот од 08.30 часот до 10.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во дом и други простории кои ги користел З.А.(48) од с.Заграчани, струшко. При претресот биле пронајдени две вреќи со марихуана, 18 патрони за ловна пушка, две стебла од растението Cannabis Sativa и една дигитална вага. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.07.2019 година во 21.30 часот било пријавено дека во с.Косевица, Македонска Каменица, од удар од гром настанал пожар во куќата сопственост на Р.Н.. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипи на Територијалната противпожарна единица Македонска Каменица. Увид ќе се врши во текот на денот.

Во текот на изминатиот ден (04.07.2019г.) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 76 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај исклучени се 24 возачи од кои: шест возачи управувале возило под дејство на алкохол и 18 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и 15 возила кои не биле регистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престигнување, седум возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, 13 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 14 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатите денови издадени

се 76 мандатни платни налози и 63 возила се подигнати со специјално возило „пајак". Изминатиот ден се случиле шест сообраќајни незгоди во кои три лица се здобиле со телесни повреди.

На 04.07.2019 година во 16.15 часот на улица „Гоце Делчев" во с.Кравари, битолско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Хјундаи гец" со грчки национални ознаки, управувано од Т.Е.(59) од Република Грција и мопед „Јујунг" со битолски регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Кравари. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во Клиничката болница во Битола. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 04.07.2019 година во Полициската станица Кавадарци, З.Ј.(43) од Кавадарци пријавил дека, додека пребарувал во стовариштето за отпаден материјал во Кавадарци, му експлодирал предмет кој го земал во раката, при што се здобил со тешки телесни повреди на прстите. На повредениот му била укажана помош во болницата во Кавадарци. Извршен е увид на местото на настанот.

Полициската станица Струга поднесе кривична пријава против А.У.(38) од струшкото село Корошишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој, со лажно прикажување на факти, во заблуда довел 36-годишна жена од Република Албанија, која на 17.01.2019 година на пријавениот на трансакциска сметка му пратила пари за отворање на заедничка фирма во Струга.

На 05.07. 2019 во 05 часот од слобода биле лишени и задржани во СВР Тетово лицата Л.Б. (29) од село Пороj и Л.В.(46) од село Пороj. Во 02.00 часот на регионален пат Тетово-Јажинце, во село Лешок, полициски службеници ги затекнале при извршување на кривично дело „тешка кражба" во паркирано товарно возило ,,Мерцедес". По целосно расчистување на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 04 јули извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, биле контролирани 410 возачи од кои 11 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле три возила, брзината ја надминале 14 возачи и еден возач не користел сигурносен појас.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Л.(51) од Демир Хисар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на јануари 2019 година пријавената, како директор на СОУ „Крсте П. Мисирков" во

Демир Хисар, на оглас за вработување на наставник за стручни предмети од шумарско и дрвопреработувачката струка, избрала кандидат кој немал соодветно образование. По ова, на 01.02.2019 година, во Агенцијата за вработување, избраниот кандидат го пријавила за работно место кое не било не било наведено во конкурсот. Со ова, пријавената му овозможила на Б.Б.и да се стекне со противправна имотна корист од 140.977 денари на штета на Буџетот на РС Македонија.

На 04.07.2019 година во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Б.И.(47) од Скопје пријавил дека на Кеј „13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 04.07.2019 година во 13.20 часот во Полициската станица Центар, Д.Н.(65) од Скопје пријавил дека во близина на Универзална сала бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 04.07.2019 година во СВР Велес, Л.С.(53) од Велес пријавила дека околу 16.00 часот ул.„Индустриска" била касната од куче скитник за левата рака.

На 05.07.2019 во СВР Скопје било пријавено дека во фабрика за преработка на хартија на улица „Перо Наков" настанал пожар, при што изгорела една од машините. Пожарот бил изгаснат од екипа од Бригадата за противпожарна заштита-Скопје. Увид се врши во текот на денот.

На 04.07.2019 во 20.40 часот во СВР Скопје, И.Ј.(43) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 20.35 часот на булевар „АСНОМ" неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.07.2019 околу 19.15 часот во СВР Скопје бил приведен Д.С(42) од Скопје поради тоа што во угостителски објект на улица „Борка Талевски" упатувал закани и се обидел да го нападне П.С(46) од Скопје. По целосно документирање на случајот, против Д.С ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2019 година во 11.46 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„11-ти Октомври" во Скопје бил пронајден починат С.С.(73) од Скопје, без траги на насилство. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото било предадено за обдукција.

На 05.07.2019 година во 08.50 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во аптека во с.Октиси, струшко, К.Р.(27) од с.Октиси извршил разбојништво и одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)